**Конвенција бр. 29**

# Конвенција за принудна или задолжителна работа, 1930 г.

Генералната конференција на Меѓународната организација на трудот,

Свикана во Женева од страна на Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот, се состана на својата четиринаесетта седница на 10 јуни 1930 година, и

Одлучувајќи се за донесување определени предлози во однос на принудната или задолжителната работа, што се вклучени во првата точка на дневниот ред на седницата, и

Утврдувајќи дека овие предлози треба да добијат форма на меѓународна конвенција,

на дваесет и осми јуни, илјада деветстотини и триесетта година, ја донесува следнава Конвенција, што може да се наведува како Конвенција за принудна работа, 1930 г., за ратификација од членките на Меѓународната организација на трудот во согласност со одредбите од Уставот на Меѓународната организација на трудот:

Член 1

1. Секоја членка на Меѓународната организација на трудот што ја ратификува оваа Конвенција се обврзува да ја забрани употребата на принудна или задолжителна работа во сите нејзини облици во најкраток можен рок.

2. Во однос на ваквата целосна забрана, прибегнување кон принудна или задолжителна работа ќе биде можно, за време на преоден период, само за јавни потреби и како исклучителна мерка, според условите и со гаранции утврдени со оваа Конвенција.

3. По истекот на период од пет години од стапувањето на сила на оваа Конвенција и кога Управниот орган на Меѓународната канцеларија на трудот ќе го подготви извештајот согласно член 31 од оваа Конвенција, наведениот Управен орган ќе ја разгледа можноста за забрана на принудната или задолжителна работа во сите свои облици без натамошен преоден период, како и потребата да се стави ова прашање на дневен ред на Конференцијата.

Член 2

1. Во смисла на оваа Конвенција, изразот ***принудна или задолжителна работа*** значи секоја работа или услуга што се изнудува од некое лице под закана од каква било казна и за којашто наведеното лице не се пријавило доброволно.

2. Меѓутоа, во смисла на оваа Конвенција, изразот ***принудна или задолжителна работа*** не опфаќа:

(a) каква било работа или услуга што се бара врз основа на законите за задолжителна воена служба за работа од чисто воен карактер;

(б) секоја работа или услуга што сочинува дел од нормалните граѓански обврски на државјаните на целосно суверена држава;

(в) секоја работа или услуга што се бара од некое лице како последица на осудување со судска пресуда, под услов така наведената работа или услуга да се извршува под надзор и контрола на јавен орган и наведеното лице да не е најмено или ставено на располагање на приватни лица, друштва или здруженија;

(г) секоја работа или услуга што се бара во случај на вонредна состојба, односно во случај на војна, катастрофа или закани од катастрофа како што е пожар, поплава, глад, земјотрес, големи епидемии или сточни болести, инвазија од животни, инсекти или растителни штетници и, начелно, какви било услови што би го загрозиле постоењето или благосостојбата на целото или на дел од населението;

(д) помали општествени услуги од таков вид што се извршуваат од членови на заедницата и се од директен интерес за наведената заедница, а со тоа може да се сметаат за нормални граѓански обврски што ги обврзуваат членовите на заедницата, под услов членовите на заедницата или нивните директни претставници да имаат право да бидат консултирани во поглед на потребите за такви услуги.

Член 3

Во смисла на оваа Конвенција, изразот ***надлежен орган*** значи орган на матичната земја или највисока централна власт на односната територија.

Член 4

1. Надлежниот орган не смее да наметне или да дозволи наметнување принудна или задолжителна работа во корист на приватни лица, друштва или здруженија.

2. Ако постои таква принудна или задолжителна работа во корист на приватни лица, друштва или здруженија, на датумот на кој ратификацијата на Конвенцијата е регистрирана кај Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот, членката мора целосно да ја забрани таквата принудна или задолжителна работа од датумот на кој Конвенцијата влегува во сила за членката.

Член 5

1. Доделени концесии на приватни лица, друштва или здруженија не смеат да вклучуваат каква било форма на принудна или задолжителна работа во производството или собирањето производи што ги користат таквите приватни лица, здруженија или друштва или со кои тие тргуваат.

2. Ако во постојните концесии има одредби за таква принудна или задолжителна работа, таквите одредби се укинуваат во најскоро можно време, со цел да се усогласат со член 1 од оваа Конвенција.

(Членови 6-26: Преодни одредби)

(Завршни одредби)